**ИЗВАДОК ОД ПРОСПЕКТОТ**
**за понуда за откуп на обични акции**
**издадени од АДГ Маврово, Скопје**

1. Комисијата за хартии од вредност издаде решение бр. 07-1255/12 од 04.04.2008 год. со кое се дава дозвола за понуда за откуп на хартии од вредност;
2. Издавач на хартиите од вредност што се предмет на понудата за откуп е АДГ Маврово, Скопје, со седиште на Плоштад Македонија 2, Скопје;
3. Понудудата за откуп ја дава ИНГРА д.д. со адреса на ул. Александер вон Хумболдт 4/б , Загреб, Р. Хрватска;
4. ТТК БАНКА АД Скопје со седиште на улица Народен фронт 19А, Скопје, ја дава понудата за откуп во име и за сметка на понудувачот;
5. Хартии од вредност на кои се однесува понудата за откуп
    - обични акции со право на глас
    - понудата за откуп се однесува на 154.210 обични акции
6. Цената на обичните акции што се предмет на понудата е 2.500,00 денари за една акција и плаќањето ќе се врши во пари;
7. Датумот на отпочнување на понудата за откуп е 05.04.2008 а датумот на завршување на понудата за откуп е 25.04.2008.
8. Најмалата количина на хартиите од вредност со право на глас на кои се однесува понудата за откуп која треба да биде прифатена за да понудата за откуп се смета за успешна изнесува 33% од бројот на обични акции на кои се однесува понудата за откуп, што претставува **50.889** обични акции, кои заедно со претходно стекнатите акции од страна на понудувачот ќе изнесува 51% од вкупниот број на издадени обични акции. Рокот за прифаќање на понудата за откуп се продолжува за 14 дена, ако овој услов се исполни во последните 14 дена од рокот за прифаќање на понудата
9. Понудата за откуп се прифаќа со писмена изјава за прифаќање на понудата од страна на имателите на хартии од вредност. Писмената изјава за прифаќање на понудата се испраќа или се дава во просториите на ТТК БАНКА АД Скопје, Дирекција за работа со хартии од вредност, ул. Народен фронт 19А, Скопје, со што имателите на обични акции на АДГ Маврово, Скопје ги резервираат хартиите од вредност на посебна сметка во ЦДХВ и не можат повеќе да располагаат со нив.
10. Целосната содржина на проспектот е достапна бесплатно на сите заинтересирани лица кај сите овластени членки на Македонска берза АД Скопје.

ИНГРА д.д. Загреб